**МАЛВП-322/2022**

ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА со судијата Дејан Крстанов како судија поединец во правната работа на тужителот Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола од Битола ул.Новачки пат бр.ББ застапуван преку полн.адв.Јован Лалевски од Битола, против тужениот Бојан Димитров од Јурумлери Скопје-Гази Баба ул.5 бр.20А, основ долг, вредност 244.460,00 денари, вон рочиште, на ден 16.2.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Бојан Димитров од Скопје да му ги надомести процесните трошоци на тужителот во износ од 30.009,00 денари, во рок' од 8 дена по приемот на ова решение.

О б р а з л о ж е н и е

Овој суд донел решение на 25.5.2023г со кое го задолжил тужениот да му плати процесни трошоци на тужителот, но по спроведена жалбена постапка истото беше укинато со решението ГЖ-1004/23 од 23.1.2024г на Апелациониот суд во Битола, предметот беше вратен на повторно одлучување пред овој суд со напатствија.

Како би ги отклонил недостатоците на кои укажа повисокиот суд, овој суд при повторното судење во делот на уводот на одлуката не го наведе името и презимето на лицето Катерина Митревска спрема која се повлекла тужбата, а во изреката судот на сосема јасен начин определи дека трошоците на постапката паѓаат на товар на тужениот Бојан Димитров од Скопје.

Согласно член 151 од ЗПП, Ако тужениот не дал повод за тужба и ако во одговорот на тужбата, односно на подготвителното рочиште, а ако не се одржува подготвително рочиште тогаш на главната расправа пред да се впушти во расправањето за главната работа, го признал тужбеното барање, тужителот ќе му ги надомести парничните трошоци на тужениот.

Во конкретниот случај, во моментот на утужувањето тужениот ги должел како дадените на послуга предмети, така и неисплатениот долг за купените стоки, така што истиот дал повод за тужбата во целост. Имено од приложените докази во постапката, односно од повратницата-раздолжување од 09.06.2022 година се утврди дека предметите дадени на послуга чија вредност е 204.721,00 денари се вратени на тужителот после утужувањето, на што следеше тужителот да ја повлече тужбата во овој дел веднаш после исполнувањето на обврската на тужениот. По однос на долгот по фактурите во износ од 39.739,00 денари, тужителот овој долг го признал во тужбеното барање, но истиот го намирил на 26.12.2022 година, согласно каса исплати 291/22, неколку месеци по утужувањето, на што следеше тужителот да ја повлечи тужбата и во овој дел и тоа повторно по исполнувањето на побарувањето од страна на тужениот.

Неспорно е дека тужениот дал повод за тужба, на начин што во моментот на утужувањето ги немал исполнето обврските спрема тужителот, точно е дека го признал тужбеното барање во делот на долгот, но тоа не повлекува примена на одредбите во чл.151 од ЗПП, кога е во прашање страната на тужениот. За да има примена потребно е тужениот да не дал повод за тужба, што овде не е случај

Согласно чл.152 ст.1 од ЗПП, Тужителот кој ќе ја повлече тужбата е должен на спротивната странка, да и ги надомести парничните трошоци, освен ако до повлекувањето на тужбата дошло веднаш по исполнувањето на барањето од страна на тужениот.

Ако до повлекувањето на тужба дошло веднаш по исполнувањето на барањето од страна на тужениот, како што е случај во конретниот предмет, трошоците на спорот се одмеруваат како да тужителот успеал целосно или делумно со спорот в.в чл.148 и чл.149 од ЗПП.

Поради овие причини, по наоѓање на овој суд, до денот на донесувањето на укинатата првостепена пресуда, заклучокот е дека трошоците на постапката биле предизвикани по вина на тужениот, бидејќи од текот на постапката произлегува дека до повлекувањето на тужбата дошло веднаш по исполнувањето на барањето од страна на тужениот.

Основица за пресметување на нужните парнични трошоци изнесува 3.000,оо ден. според АТ, имајќи во предвид дека тужениот Бојан Димитров од Скопје го признал тужбеното барање за износ од 39.739,00 денари кој што го платил после поднесувањето на тужбата.

Ценејќи го начелото на успех во спорот, а согласно чл.151, член 152 ст.1 в.в. со чл.148 и 149 од ЗПП, тужениот Бојан Димитров од Скопје е должен да му ги надомести на тужителот процесните трошоци во вкупен износ од 30.009,00 и тоа за: состав на тужба износ од 4.602,00 денари, судска такса за тужба и одлука износ од по 1.200,00 денари, за вешт наод износ од 4.000,00 денари, присуство на вештачење износ од 4.602,00 денари, застапување на една расправа износ од 5.522,00 денари, состав на одговор за жалба износ од 8.283,00 денари и судска такса за одговор за жалба износ од 600,00 денари.

Од сите погорни причини се одлучи како е во изреката на ова решение.

**С у д и ј а,**

**Дејан Крстанов**

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во' рок од 8 дена по приемот, преку овој суд до Апелационият суд во Битола.

Д-НА: полномошникот на тужителот и тужениот Бојан Димитров од Скопје-ЛИЧНА ДОСТАВА.